Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **Кремисимо ФорП ДОО Скопје,** за кастрење на дрвја, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши кастрење на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на 2 (две) дрвја (чемпрес и смрча), кои се наоѓаат на **ул. "Никола Русински" бр. 98-66 во ТЦ Лептокарија – Скопје.**
2. Кастрењето на дрвјата ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Кастрењето на дрвјата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**По поднесеното,** барање, од **Кремисимо ФорП ДОО Скопје, ул. "Никола Русински" бр. 98-66 - Скопје,** до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје, заведено под бр. **14-6/451** од **26.06.2023** година, за кастрење на дрвја што се наоѓаат на **ул. "Никола Русински" бр. 98-66 во ТЦ Лептокарија – Скопје.**
Службено лице од град Скопје заедно со службеникот од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. Утврдено е дека дрвјата предмет на барањето се високи стебла, имаат широко разгранети крошни со суви и кршливи гранки. Потребно е да се изврши кастрење заради намалување на висината на стеблата и заради отстранување на сувите и кршливи гранки.
Согласно член 8, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичко планска документација, регулациски план на генерален урбанистички план, како и архитектонско-урбанистички проект.
Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,,. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,, - Скопје.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С" или кастрење: „К").
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека зеленилото е во состојба дека треба да се искастри, па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/451/2**
**07.07.2023** година
Скопје

**Доставено до:**
-Барателот, ЈП “Паркови и зеленило” – Скопје и Архива

изготвил:
______________________
**Александра Гочевска**

Раководител на Одделение
**Емил Дуровиќ**
______________________

Помошник Раководител на Сектор
**Драги Митковски**
______________________

Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**

______________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**

______________________